АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 14. 07. 2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 3214 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 и 142/16), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2016 до 31.12.2016 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 13.07.2017 година
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).
   - **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на државно ниво, е **констатирано дека во текот на 2016 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината, да бидат европски аудиовизуелни дела.

Според доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти (наш број 03-2100/1 од 13.04.2017 година, 03-2100/2 од 27.04.2017 година и 03-2100/3 од 28.06.2017 година), беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, во текот на 2016 година, има емитувано **52,87% европски аудиовизуелни дела.**

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***